# З А П И С Н И К

од третиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

Третиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од претседателот на Комисијата се одржа на 22.02.2019 година, со почеток во 17:00 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа

1. Гордана Клинчарова, претседател
2. Дешира Имери, член
3. Стевица Јосифовски, член
4. Ервин Реџепагиќ, член
5. Весна Чкаловска – раководител на одделение за јавни набавки,
6. Владимир Велковски-раководител на Секторот за финансии,
7. Бојана Стефановска- Советник за правни работи-во својство на записничар,

Членот на комисијата Горан Велинов беше оправдано отсутен.

На состанокот се работеше по предложениот дневен ред:

1. Усвојување на Записникот од вториот состанок на Комисијата одржан на 19.02.2019 година и усвојување на предлог дневниот ред за третиот состанок за 2019 година на Комисијата на АЕК;

   Записникот од вториот состанок на Комисијата беше едногласно усвоен, како и дневниот ред.

2. Усвојување на Годишната завршна сметка на Агенцијата за електронски комуникации за 2018 година;

   Раководителот на Секторот за финансии ја презентираше Годишната завршна сметка на Агенцијата за електронски комуникации за 2018 година со одредени споредби од минатите години како појаснување за членовите на Комисијата. На прашање од членовите зошто се презентира Годишната завршна сметка на Агенцијата за електронски комуникации за 2018 година без да се има увид во ревизорскиот извештај за истата година, беше објаснето дека прво се подготвува завршната сметка па потоа се спрема и доставува ревизорски извештај во кој извештај би била вклучена и завршната сметка. Беа посочени одредени забелешки кои се

провлекуваат во неколку предходни извештаи за што членовите побараа целосен извештај и документација за предметите кои се предмет на ваквите забелешки и го задолжија Раководителот да им ги достави во најкус рок по завршување на состанокот. По ова членовите дадоа согласност за усвојување на Годишната завршна сметка на Агенцијата за електронски комуникации за 2018 година;

3. Усвојување на Годишната завршна сметка на Компензацискиот фонд за универзалната услуга за 2018 година;

   По оваа точка Раководителот на Секторот за финансии ја презентираше Годишната завршна сметка на Компензацискиот фонд за универзалната услуга за 2018 година која претставува посебна сметка која се води согласно Законот за електронски комуникации, по што членовите дадоа согласност за нејзино усвојување.

4. Извештај за работата на Агенцијата за периодот од 01.10.2018 до 31.12.2018 година;

   Поради обемот на материјали, оваа точка беше одложена за наредниот состанок на Комисијата.

5. Барање согласност за јавна набавка на печатарски услуги;

   Од раководителот на одделение за јавни набавки беше појаснето од каде произлегува оваа набавка и дека истата ги сублимира барањата на два сектори/служби, службата за Информатичка технологија која согласно својата програма за ЦИРТ има предвидено печатење на брошури за Сајбер безбедност, како и Службата за Човечки ресурси со своите секојдневни активности, по што членовите дадоа согласност за оваа набавка.

6. Барање согласност за јавна набавка на услуга за чистење на деловните простории на АЕК;

   Оваа точка се одложи за наредниот состанок на Комисијата поради ненавремео доставување на материјалите.

7. Разно

   По оваа точка Претседателот на Комисијата ги запозна останатите членовите на комисијата со состојбата со Антенскиот систем на водно, со дадената донација на ЈП Скопје за изградба на приоден мост со тркало на реката Вардар, и фазата во која се наоѓа тој предмет.

Исто така беше забележано и побарано службите во Агенцијата, предметите за на Комисија да ги доставуваат согласно Деловникот за работа на Комисијата, односно 5 дена пред закажаниот состанок како би имало време истите да се разгледаат.
Од службата за меѓународна соработка се побара листа на настани кои би се оддржувале оваа година а на кои се бара присуство на членови на Комисијата како би можеле истите да се усогласат и да присуствуваат.

Состанокот заврши на 22.02.2019 во 19:15 часот.

Гордана Клинчарова, претседател_______________

Дешира Имери, член__________________________

Стевица Јосифовски, член______________________

Ервин Реџепагиќ, член_______________________